Врз основа на член 383 ст.1 т.2 вв 384 ст.2 т.1 од Законот за трговските друштва вв член 57 ст.1 т.8 од Статутот на Рударско индустриски комбинат Силекс АД Кратово (во понатамошниот текст: Друштвото), Собранието на акционери на Друштвото на седницата на годишното Собрание, одржана на ден 12.08.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**за усвојување на годишната сметка, консолидираната годишна сметка, финансиските извештаи со извештај од независен ревизор, консолидираните финансиски извештаи со извештај од независен ревизор и годишниот извештај за работењето на Силекс АД Кратово за годината која завршува на 31.12.2023 година**

**Член 1**

Се усвојува Годишната сметка на Друштвото за годината која завршува на 31.12.2023 година.

**Член 2**

Се усвојува Консолидираната годишна сметка на Друштвото за годината која завршува на 31.12.2023 година.

**Член 3**

Се усвојуваат финансиските извештаи на Друштвото со извештај од независен ревизор за годината која завршува на 31.12.2023 година.

**Член 4**

Се усвојуваат консолидираните финансиските извештаи на Друштвото со извештај од независен ревизор за годината која завршува на 31.12.2023 година.

**Член 5**

Се усвојува годишниот извештај за работењето на Друштвото за годината која завршува на 31.12.2023 година.

**Член 6**

Усвоената годишна сметка, консолидирана годишна сметка, финансиските извештаи со извештај од независен ревизор, консолидираните финансиски извештаи со извештај од независен ревизор и годишниот извештај за работењето на Силекс АД Кратово за годината која завршува на 31.12.2023 година претставуваат составен дел на оваа Одлука.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Годишно Собрание на акционери на
Силекс АД Кратово
Претседавач

Рударско индустриски комбинат Силекс акционерско друштво Кратово

Врз основа на член 383 ст.1 т.4 вв 384 ст.2 т.3 од Законот за трговските друштва вв член 57 ст.1 т.4 од Статутот на Рударско индустриски комбинат Силекс АД Кратово (во понатамошниот текст: Друштвото), Собранието на акционери на Друштвото на седницата на годишното Собрание, одржана на ден 12.08.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**за одобрување на работата на членовите на Управниот одбор во 2023 година**

**Член 1**

**СЕ ОДОБРУВА** работата на членовите на Управниот одбор на Силекс АД Кратово во текот на 2023 година, и тоа:

1. Горан Ивановски, Претседател
2. Влатко Топуков, член
3. Зоран Додевски, член

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Годишно Собрание на акционери
Силекс АД Кратово
Претседавач

Рударско индустриски комбинат СИЛЕКС акционерско друштво Кратово

Врз основа на член 383 ст.1 т.4 вв 384 ст.2 т.3 од Законот за трговските друштва вв член 57 ст.1 т.4 од Статутот на Рударско индустриски комбинат Силекс АД Кратово (во понатамошниот текст: Друштвото), Собранието на акционери на Друштвото на седницата на годишното Собрание, одржана на ден 12.08.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор во 2023 година**

**Член 1**

**СЕ ОДОБРУВА** работата на членовите на Надзорниот одбор на Силекс АД Кратово во текот на 2023 година, и тоа:

1. Саве Антоновски, член;
2. Антонио Велков, член;
3. Владе Ивановски, член до 18.07.2023 година;
4. Сашка Цветановска, член од 18.07.2023 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Годишно Собрание на акционери
Силекс АД Кратово
Претседавач

Рударско индустриски комбинат СИЛЕКС акционерско друштво Кратово

Врз основа на член 383 ст.1 т.8 вв член 479 ст.2 од Законот за трговските друштва вв член 57 ст.1 т.9 од Статутот на Рударско индустриски комбинат Силекс АД Кратово (во понатамошниот текст: Друштвото), Собранието на акционери на Друштвото на седницата на годишното Собрание, одржана на ден 12.08.2024 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**за избор на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на Друштвото за 2024 година**

**Член 1**

Друштво за ревизија ЕКОВИС АУДИТ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје се избира за овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на Друштвото за 2024 година.

**Член 2**

Друштво за ревизија ЕКОВИС АУДИТ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје се избира за овластен ревизор за ревизија на финансиските извештаи на трговските друштва во кои Друштвото е единствен содружник и кои подлежат на ревизија според Законот за трговските друштва.

**Член 3**

Се овластува Генералниот директор на Друштвото врз основа на оваа одлука да склучи Договор со ревизорската куќа од член 1 од оваа Одлука со кој ќе се регулираат сите прашања за извршување на ревизијата, износот на надоместокот и сите прашања за обезбедување на доверливост.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Годишно Собрание на акционери
Силекс АД Кратово
Претседавач

Рударско индустриски комбинат СИЛЕКС акционерско друштво Кратово

Врз основа на член 383 ст.1 т.1 вв 418 ст.1 и ст.2 од Законот за трговските друштва вв член 57 ст.1 т.1 од Статутот на Рударско индустриски комбинат Силекс АД Кратово (во понатамошниот текст: Друштвото), Собранието на акционери на Друштвото на седницата на годишното Собрание, одржана на ден 12.08.2024 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**за измена на Статутот на Силекс АД Кратово**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на Статутот на Друштвото, на начин што во **член 14 став 3** зборовите "*со претходна прибавена согласност од Надзорниот одбор на Акционерското друштво*" се бришат.

**Член 2**

Се овластува Надзорниот одбор на Друштвото да изготви пречистен текст на Статутот.

**Член 3**

Се овластува Адвокатско друштво Никола Додевски Скопје да поднесе соодветна пријава во Трговскиот регистар.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Годишно Собрание на акционери
Силекс АД Кратово
Претседавач

Рударско индустриски комбинат Силекс акционерско друштво Кратово

Врз основа на член 383 од Законот за трговските друштва вв член 57 од Статутот на Рударско индустриски комбинат Силекс АД Кратово (во понатамошниот текст: Друштвото), Собранието на акционери на Друштвото на седницата на годишното Собрание, одржана на ден 12.08.2024 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ПРЕНОС НА УДЕЛ ВО ДРУШТВОТО ЗА РУДАРСТВО И ГРАДЕЖНИШТВО СИЛЕКС НЕМЕТАЛИ СТ ДООЕЛ КРАТОВО**

**Член 1**

Со оваа Одлука се потврдува Одлуката за пренос на удел во Друштвото за рударство и градежништво СИЛЕКС НЕМЕТАЛИ СТ ДООЕЛ Кратово донесена од страна на Управниот одбор на РИК СИЛЕКС АД Кратово на ден 17.05.2023 година, заведена под архивски број 0302-60 со која се одобрува пренос на целиот удел кој РИК СИЛЕКС АД Кратово го има во Друштвото за рударство и градежништво СИЛЕКС НЕМЕТАЛИ СТ ДООЕЛ Кратово а кој се состои од непаричен влог, на друштвото БАХАШ ИНШААТ ВЕ ТИЏЕРЕТ АНОНИМ ШИРКЕТИ од Р.Турција врз основа на Договор за пренос.

**Член 2**

Одлуката за пренос на удел во Друштвото за рударство и градежништво СИЛЕКС НЕМЕТАЛИ СТ ДООЕЛ Кратово е составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Годишно Собрание на акционери
Силекс АД Кратово
Претседавач

Рударско индустриски комбинат СИЛЕКС акционерско друштво Кратово

IGOR PETROVSKI Digitally signed by IGOR PETROVSKI Date: 2023.06.20 18:38:39 +02'00'

СИЛЕКС А.Д. КРАТОВО
Бр. 0302-60
17.05 2023 год.

Врз основа на член 197 од Законот за трговски друштва и член 2 од Изјавата за основање на Друштвото за рударство и градежништво СИЛЕКС НЕМЕТАЛИ СТ ДООЕЛ Кратово, единствениот содружник Рударско индустриски комбинат – СИЛЕКС акционерско друштво – Кратово, со седиште на ул. Гоце Делчев бр. 70, Кратово и со ЕМБС 4031431, на седницата на Управниот одбор одржана на ден 11.05.2023 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

За пренос на удел во Друштвото за рударство и градежништво СИЛЕКС НЕМЕТАЛИ СТ ДООЕЛ Кратово

Член 1

Рударско индустриски комбинат – СИЛЕКС акционерско друштво – Кратово е единстве содружник во Друштвото за рударство и градежништво СИЛЕКС НЕМЕТАЛИ СТ ДООЕЛ Кратово чија што основна главнина изнесува 5.000 ЕУР.

Член 2

Со оваа одлука, а по прибавена согласност од Надзорниот одбор од 30.03.2023 година, се одобрува пренос на целиот удел на единствениот содружник Рударско индустриски комбинат – СИЛЕКС акционерско друштво – Кратово кој го има во Друштвото за рударство и градежништво СИЛЕКС НЕМЕТАЛИ СТ ДООЕЛ Кратово, кој изнесува 5.000 ЕУР или 100% удел а кој се состои од непаричен влог на БАХАШ ИНШААТ ВЕ ТИЏЕРЕТ АНОНИМ ШИРКЕТИ, од Р.Турција, со седиште на адреса Оручреис Махаллеси. Текстилкент Џад. Текстилкент сит.Блок А апт.Но 12 Б/034 Есенлер/Истанбул, трговски број 438852-0, Бр на МЕРСИС 0131074677500034, врз основа на Договор за пренос на удел.

Цената за преносот, рокот останатите услови за пренос на уделот ќе бидат регулирани во Договорот за пренос на удел кој претставува составен дел на оваа Одлука.

Член 3

Се овластува Председателот на Управниот одбор и Генерален директор, или лице овластено од него да го склучи Договорот за пренос на удел со БАХАШ ИНШААТ ВЕ ТИЏЕРЕТ АНОНИМ ШИРКЕТИ, од Р.Турција.

Член 4

Оваа одлука стапува на сила на денот на нејзиното донесување.

СИЛЕКС АД – КРАТОВО

Председател на Управен одбор

Горан Ивановски

Рударско индустриски комбинат СИЛЕКС акционерско друштво Кратово

Врз основа на член 383 од Законот за трговските друштва вв член 57 од Статутот на Рударско индустриски комбинат Силекс АД Кратово (во понатамошниот текст: Друштвото), Собранието на акционери на Друштвото на седницата на годишното Собрание, одржана на ден 12.08.2024 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ПРЕНОС НА УДЕЛ ВО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ТРГОВИЈА СИЛГЕН РЕСУРСИС ИНТЕРНЕШНЛ ДОО КРАТОВО**

**Член 1**

Со оваа Одлука се потврдува Одлуката за пренос на удел во Друштво за производство и трговија СИЛГЕН РЕСУРСИС ИНТЕРНЕШНЛ ДОО Кратово донесена од страна на Управниот одбор на РИК СИЛЕКС АД Кратово на ден 20.03.2024 година со наслов "*Одлука за одобрување на стекнување и пренос на удел, склучување на Договори за пренос на удел, склучување на Договор за минерален приход и овластување за нивно потпишување*"со која се одобрува пренос на целиот удел кој РИК СИЛЕКС АД Кратово го стекнал во Друштво за производство и трговија СИЛГЕН РЕСУРСИС ИНТЕРНЕШНЛ ДОО Кратово а кој се состои од паричен влог во износ од 1.900,00 ЕУР, на друштвото Генезис Ресурсис Лимитед од Австралија.

**Член 2**

Одлука за одобрување на стекнување и пренос на удел, склучување на Договори за пренос на удел, склучување на Договор за минерален приход и овластување за нивно потпишување е составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Годишно Собрание на акционери
Силекс АД Кратово
Претседавач

Рударско индустриски комбинат Силекс Акционерско друштво Кратово

Врз основа на член 383 ст.1 т.2 вв 384 ст.2 т.2 вв член 483 ст.2 т.1 од Законот за трговските друштва вв член 57 ст.1 т.8 од Статутот на Рударско индустриски комбинат Силекс АД Кратово (во понатамошниот текст: Друштвото), Собранието на акционери на Друштвото на седницата на годишното Собрание, одржана на ден 12.08.2024 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## за распределба на добивката на Силекс АД Кратово за 2023 година

**Член 1**

Друштвото Силекс АД Кратово оствари нето добивка за годината која заврши на 31.12.2023 година во износ од 11.581.301,00 денари.

**Член 2**

Утврдената добивка од член 1 од оваа Одлука ќе биде искористена за покривање на дел од загубата на Друштвото од минатите години.

**Член 3**

Се обврзува Управниот одбор на друштвото да ги преземе сите дејствија потребни за спроведување на оваа Одлука во сметководството на друштвото веднаш.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Годишно Собрание на акционери
Силекс АД Кратово
Претседавач

Рударско индустриски комбинат Силекс акционерско друштво Кратово

Врз основа на член 375 став 1 и член 376 став 2 од Законот за трговските друштва (Службен весник на РСМ бр.28/2004 со сите негови подоцнежни измени и дополнувања), а во врска со член 46 став 1 алинеја 6 и член 48 од Статутот на **Рударско индустриски комбинат Силекс АД Кратово,** со ЕМБС 4031431 и ЕДБ 4014955100676, со седиште на ул. Гоце Делчев бр. 70 Кратово, Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: „**Друштвото**"), Управниот одбор на Друштвото на ден 20.03.2024 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за одобрување на стекнување и пренос на удел, склучување на Договори за пренос на удел, склучување на Договор за минерален приход и овластување за нивно потпишување**

**Член 1**

(1) Друштвото одлучи да стекне удел со номинална вредност од 1,900.00 евра и кој претставува 38% од основната главнина на **Друштво за производство и трговија СИЛГЕН РЕСУРСИС ИНТЕРНЕШНЛ ДОО Кратово**, со седиште на ул. Гоце Делчев бр.70, Кратово, Република Северна Македонија со ЕМБС 6971865 и ЕДБ 4014014502039, со седиште на ул. Гоце Делчев бр.70, Кратово, Република Северна Македонија со ЕМБС 6971865 и ЕДБ 4014014502039 („**Силген Ресурсис**").

(2)Друштвото ќе го стекне уделот без надомест од **Друштво за рударство и градежништво СИЛЕКС НЕМЕТАЛИ СТ ДООЕЛ Скопје** со ЕМБС 6104827 и ЕДБ 4014006103834, со седиште на ул. Васил Ѓоргов бр. 8-1 Скопје, Република Северна Македонија („**Силекс Неметали**").

(3) По регистрирањето на преносот на удел од став 1 од овој член во Трговскиот регистар при Централниот Регистар на РСМ, Друштвото одлучи веднаш да изврши пренос на стекнатиот удел во Силген Ресурсис на **Генезис Ресурсис Лимитед**, друштво организирано согласно законите на Австралија, со седиште на Спринг Стреет бр. 61/ Левел 1, Мелбурн, 3000 Викторија, Австралија, со единствен регистрационен бр. 114787469 ("**Генезис Ресурсис Лимитед**"). Преносот на уделот на Друштвото на Генезис Ресурсис Лимитед ќе биде извршен без надомест.

(4) По регистрирањето на преносот на удел од став 1 од овој член во Трговскиот регистар при Централниот Регистар на РСМ, Друштвото одлучи да изврши:

- разрешување на управителот на Силген Ресурсис – Џејмс Џералд Патерсон од Австралија и назначување на нов управител на Друштвото – Гоце Златков, македонски државјанин, со ЕМБГ 2709974493019, со број на лична карта М0219071 издадена од МВР Кочани и адреса на ул. Мишо Арсов бр.19 Кочани, Република Северна Македонија. Управителот ќе има неограничени овластувања во надворешниот и внатрешниот промет;

- промена на називот на Силген Ресурсис при што новиот назив на Силген Ресурсис ќе гласи: Друштво за производство и трговија СИЛГЕН РЕСУРСИС ИНТЕРНЕШНЛ ДООЕЛ Пробиштип;

- промена на седиште на Силген Ресурсис и новата адреса ќе гласи: ул.Миро Барага бр. 7 Пробиштип, Република Северна Македонија;

- промена на контакт податоци на Силген Ресурсис на начин што новата е-мејл адреса ќе биде: gzlatkov@yahoo.com;

- укинување на надзорен одбор на Друштвото и престанок на мандатот на неговите членови.

(5) Друштвото одлучи да склучи Договор за минерален приход со Генезис Ресурсис Лимитед и Силген Ресурсис за целите на уредување на меѓусебните односи за соработка. Договорот за

минерален приход ќе биде склучен во форма и со содржина, како што е дадено во Прилог 3 – Договор за минерален приход, во прилог на оваа Одлука.

**Член 2**

(1) Управниот одбор ја изразува и потврдува својата согласност за Друштвото како стекнувач да стекне удел – без надомест во Силген Ресурсис, од Силекс Неметали како пренесувач на удел преку спроведување постапка за пренос на удел пред Централниот регистар на Северна Македонија.

(2) По регистрирањето на преносот на удел од ставот 1 од овој член во Трговскиот регистар при Централниот Регистар на РСМ, Управниот одбор дава согласност Друштвото како пренесувач на удел да располага со уделот и веднаш да изврши пренос на стекнатиот удел во Силген Ресурсис на Генезис Ресурсис Лимитед – без надомест како стекнувач на уделот како и да ги спроведе промените утврдени во член 1 став 4 од оваа Одлука.

(3) Управниот одбор го разгледа Договорот за минералниот приход и ја изразува и потврдува својата согласност Друштвото да го склучи овој договор со Генезис Ресурсис Лимитед и Силген Ресурсис за целите на уредување на меѓусебните односи за соработка.

**Член 3**

(1) Заради регулирање на правата и обврските на Друштвото и Силекс Неметали во врска со преносот на удел, како што е наведено во член 1 став 1 и 2 од оваа Одлука, Друштвото во својство на стекнувач на удел ќе склучи Договор за пренос на удел со Силекс Неметали во својство на пренесувач на удел (во понатамошниот текст: **„Договор 1"**).

(2) По регистрирањето на преносот на удел во Трговскиот регистар при Централниот Регистар на РСМ од член 1 став 1 од оваа Одлука, Друштвото во својство на пренесувач на удел веднаш ќе склучи Договор за пренос на удел со Генезис Ресурсис Лимитед во својство на стекнувач на удел (во понатамошниот текст: **„Договор 2"**).

**Член 4**

Договорот 1 и Договорот 2 ќе биде склучен во форма и со содржина, како што е дадено во Прилог 1 – Договор 1 и Прилог 2 – Договор 2 на оваа Одлука.

Управниот одбор на Друштвото ги разгледа Договор 1 и Договор 2 и со оваа Одлука ја изразува и потврдува својата согласност истите да бидат склучени.

**Член 5**

Управниот одбор на Друштвото го овластува Генералниот директорот на Друштвото или лице овластено од него е овластено да го претставува Друштвото и да го потпише и нотарски завери Договорот 1 и Договорот 2 во име на Друштвото како и да ги преземе сите дејствија, како и да ги подготви, потпише и нотаризира сите потребни одлуки, изјави, или други документи во постапките пред Централниот регистар, Регистарот за директни странски инвестиции, Регистар на вистински сопственици, Комерцијална банка и други надлежни банки, Управа за јавни приходи на РСМ, Царинска Управа на РСМ, Министерство за економија, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство, надлежните инспекторати како и други институции за спроведување на оваа Одлука.

Управниот одбор на Друштвото го овластува Генералниот директорот на Друштвото или лице овластено од него е овластено да го претставува Друштвото и да го потпише и нотарски завери Договорот за минерален приход како и да ги преземе сите дејствија, како и да ги подготви, потпише сите потребни изјави за целите на склучување на Договорот за минерален приход.

**Член 6**

Одлуката стапува во сила веднаш по нејзиното донесување.

**Управен одбор на Друштвото,**

Горан Ивановски, Претседател на управен одбор

Влатко Топуков, Член на управен одбор

Зоран Додевски, Член на управен одбор